**Програма за реализација на завршна екскурзија на трета година**

**СОУ *Ѓорче Петров***

**Крива Паланка**

Нашето училиште континуирано реализира еднодневни и повеќедневни екскурзии од различен тип заради посета и запознавање на природни,културни,историски,научно-технолошки и други вредни и атрактивни нешта со помош на кои учениците се социјализираат и ги откриваат правилата на самостоен и одговорен живот.

Една од екскурзиите што ќе се реализира оваа учебна година во текот на месеците април-мај е оваа шест дневна екскурзија на релација Крива Паланка-Белград-Венеција-Милано-Ница-Кан-Монако-Монте Карло-Риека-Опатија-Загреб-Крива Паланка,предвидена за учениците од трета година,која на учениците ќе им понуди едукација,рекреација,исполнето и интересно време и запознавање со културното,историското и религиозното минато на посетените локалитети.За време на изведување на екскурзијата ќе се организира настава за учениците кои остануваат.

**1.Воспитно-образовни цели**

* Усвојување и проширување на знаењата на учениците од областа на историја,географија,уметност,хотелско и агенциско работење,странски јазици,интернационална кујна и др.

* Развивање на различни интереси,вештини и ставови преку непосредно запознавање со појавите и односите во природата и општествената средина во согласност со воспитно-образовната работа на училиштето.

**2. Воспитно-образовни задачи**

* Запознавање на различните култури и знаменитости во други земји

* Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви

* Развивање на позитивен однос на учениците кон националните,уметничките,научните и општо-културните вредности на посетените држави

* Развивање на чувство на патриотизам,толеранција и соживот

* Формирање на позитивен однос кон националните,интернационалните ,културните и естетски вредности

* Поттикнување и манифестирање на позитивни емоции,другарување и поддршка,солидарност и подобро взаемно запознавање.

* формирање на демократски ставови,социјализација,колективна заштита и стекнување на нови сознанија и искуства.

**3.Содржини и активности**

Училишната екскурзија ќе биде реализирана преку следните активности и содржини

**1 ден**

Собирање и состанок на групата .Планирано е поаѓање во 08.00 часот пред училиште за Белград. Се патува преку граничниот премин Табановце, Србија со попатни паузи. Слободно време. Попладне се поаѓа за Венеција, ноќно возење со попатни пуази.

**2 ден Венеција-Милано**

Се планира пристигнување во Венеција во утринските часови. Предвидено е разгледување на градот (Плоштад Сан Марко,Мост на воздишките...) Продолжуваме кон Милано.Сместување во хотел.Планирано е организиран разглед на градот тврдината Сфорцеско, Piazza Duomo, централниот плоштад каде се наоѓа најголемата готска катедрала во светот, потоа одиме во Via Vittorio Emanuelle најдобрата шопинг улица, Oktogon односно галеријата Vittorio Emanuelle каде се наоѓа 196м. Долг покриен премин со многубројни продавници кој пак води до зградата на Миланската опера,една од најпознатите опрески куќи во светот... Враќање во хотел,вечера. Слободно време за инвидуални активности.Ноќевање.

**3 ден Милано-Ница-Монакао**

Појадок.Поаѓање за Ница.Пристигнување во Ница во попладневните часови.Сместување во хотел.слободно време за одмор.Планирано е патување кон гламурозното Монте Карло,заедно со светскиот џет сет... Разгледување на Монако Океанографскиот институт, кралската палата, катедралата Св.Никола, градините на принцезата Грејс Кели, патеката F1,пристаништето Единствено доживување.Враќање во Ница.Вечера.Ноќевање.

**4 ден Ница-Кан**

Појадок.Поаѓање за Кан.Прекрасна прошетка по кроасетата со хотелите Карлтон,Мартинез,Мажестик,филмската палата,Марината.Посета на стариот дел на градот,тврдината и црквата Notre Dame De Esperance. Слободно време со индивидуални прошетки.Враќање во Ница.Во вечерните часови е предвидено одење на прошетка низ стариот дел на Ница- Кралската опера, балконот на Наполеон, плоштадот Солеја, видиковец на Ница .палатата на правдата.Поаѓање за Риека,ноќно возење

**5 ден Риека-Опатија**

Пристигање во Риека во утринските часови .Панарамско разгледување на градот.Слободно време .Попладне тргнување за Опатија,разгледување на градот.Сместување во хотел и вечера.

**6 ден Опатија-Загреб- Крива Паланка**

Појадок,одјавување од хотел-заминување за Загреб ,разгледување на градот(Ботаничка градина,Загребска катедрала).Попладне заминување за Крива Паланка.

Во цената на екскурзијата да се пресметани следните услуги

- Автобуски превоз со модерен туристички автобус на наведената релација
- Сместување во Милано во хотел со 3*на база 1 ноќевање со појадок и вечера
- Сместување во Ница во хотел со 3*на база 1 ноќевање со појадок и вечера
- Сместување во Опатија во хотел со 3*на база 1 ноќевање со појадок и вечера
- Разгледување на Ница и Милано со водич
- Посета на Кан и Риека
- Организација или лиценциран туристички придружник на патувањето
- Туристичка такса во Милано
- Туристичка такса во Ница
- Патничко осигурување без франшиза
- Лекар за целовремено патување
- Влезници за културно-историски споменици
- Секоја група од 20 ученици да бидат придружувана со еден професор

**4. Раководители на екскурзија**

-Катерина Митовска- Наковска -пом.директор

-Маријана Милковска одговорен на година

1.Раководител на паралелка со најголем број на ученици соодветно на пријавениот број на ученици од завршна година

-Елизабета Ташковска ___________________

-Билјана Ѓ.Спасовска ______________________

-Сашка Младеновска ______________________

-Татјана Филиповска ______________________

-Борис Величковски ________________________

-Наталија Стојковска ______________________

- Бранко  Јакимовски ______________________

**5. Времетраење**

За реализација на екскурзијата се планирани 6 дена.

**6. Локации за посета и правци на патување**

Правци на патување

Крива Паланка-Белград- Венеција-Милано-Ница-Кан-Монако- Монте Карло-Риека-Опатија- Загреб -Крива Паланка

Локации за посета

Милано-Тврдината Сфорцеско, Piazza Duomo, централниот плоштад каде се наоѓа најголемата готска катедрала во светот Via Vittorio Emanuelle најдобрата шопинг улица.Oktogon односно галеријата Vittorio Emanulle каде се наоѓа 196м. Долг покриен премин со многубројни продавници кој пак не води до зградата на Миланската опреа, една од најпознатите опрески куќи во светот.

Ница-Стариот дел на Ница Кралската Опера,Балконот на Наполеон, Плоштадот Солеја,Палатата на правдата,Видиковец на Ница

Кан-Прекрасна прошетка по кроасетата со хотелите Карлтон,Матринез,Мажестик,Филмската палата,Марината.Посета на стариот дел на градот , тврдината и црквата Notre Dame De Esperance. Слободно време индивидуални прошетки

Разглед на Монте Карло и Монако- Разглед на Монако Океанографскиот институт, Кралстака палата, Катедралата Св.Никола, градините на принцезата Греј Кели,патеката на F1,Пристаништето.

Загреб-Ботаничка градина,Загребачка катедрала....

Директор,

Габриела Стаменковска